


Во политиката, стравот е легитимна емоција. Но кога ќе се маскира како анализа, тој станува стратегија. Токму тоа се случи по приведувањето на Артан Груби.

Наместо институционална смиреност и јасна дистанца, од редовите на СДС се почувствува нервоза што повеќе личи на одбрана на системот што владеел во минатото отколку на почитување на правниот процес.

Во првите часови случајот можеше да се третира како прашање на правосудството. Но во партискиот штаб куќниот притвор не беше сфатен како мерка, туку како политичка закана – не за поединец, туку за целата архитектура на СДС градена со години.

Кога реакцијата е толку интензивна, прашањето не е што се случува надвор, туку што се крие внатре во редовите на СДС.

Наместо саморефлексија, повторно се активира добро познатиот наратив: странски служби, надворешни влијанија, координирани напади, српски, руски и унгарски центри на моќ, и по автоматизам, антиевропска политика на ВМРО-ДПМНЕ. Списокот е секогаш истиот, подготвен за употреба како алиби.

Овој модел не е нов; тој е континуитет. Пред изборите во САД, уште пред да биде избран Доналд Трамп, посетата на американски бизнисмени во Македонија се третираше како потенцијална закана. Денес „опасноста“ доаѓа од Исток, вчера доаѓаше од Америка, имињата се менуваат, но стравот останува ист.

Кога новинар се прогласува за платеник, кога 40% од медиумите се етикетираат како контролирани и „работат“ против СДС, кога секој критички текст се третира како дел од координирана операција, тоа не е сила, тоа е слабост. Тоа е обид да се создаде магла околу прашањето што навистина боли: што се случувало зад затворени врати додека јавноста слушала европски пароли?

Наместо да се објасни што се случувало во годините на владеење, зошто се создавала корупција, потпишувани штетни договори со Грција и Бугарија, СЈО,  зошто довербата е еродирана и како се манипулирала јавноста, полесно е да се креира атмосфера на заговор дека сите се против СДС.

Но што ако приказната е поедноставна? Што ако стравот не е од странски служби или медиуми, туку од тоа што ќе излезе на виделина, информации кои откриваат криминали, злоупотреби и предавства на државата? Тогаш куќниот притвор не е само правна мерка, туку катализатор на паника и огледало на системска слабост.

Прашањето не е дали станува збор за конспирација, туку дали станува збор за страв од вистината. Најсилниот потрес во политиката не доаѓа однадвор, туку кога долгогодишната тишина и импровизирана неказнивост се нарушуваат.

И токму затоа реакцијата е толку бурна, не поради куќниот притвор, туку поради стравот од она што ќе открие Артан Груби: вистината за години на неспособност, корупција и злоупотреба на моќта.

Македонска нација
ОРГАН НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА